СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ДАНИЕЛ КРСТЕВСКИ

за Ранковце



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



„РАНКОВЦЕ МОЖЕ И ЗАСЛУШУВА ПОВЕЌЕ – ЗАЕДНО ЈА ГРАДИМЕ ИДНИНАТА СО ЕНЕРГИЈА, ВИЗИЈА И СРЦЕ“

**Драги сограѓани,**

Како жител на Ранковце и активен член на нашата заедница, секојдневно ги живеам истите предизвици со кои се соочуваме сите, но истовремено го гледам и огромниот потенцијал што го имаме. Се кандидирам за градоначалник затоа што верувам дека ние, младите и мотивираните луѓе, имаме обврска да ја водиме нашата општина напред - кон развој, модернизација и подобар живот за сите.

Мојата визија е Ранковце да стане модерна и функционална општина, која испорачува брзи, ефикасни и квалитетни услуги за граѓаните. Сакам да изградиме општина што ги задржува младите дома, општина отворена за сите, која транспарентно покажува како се трошат материјалните средства и како се носат одлуките. Ветувам отчетност, чесна работа и вистинска соработка со секој граѓанин.

Во Ранковце живеам, овде учев, спортував, работев и растев. Овде се моите пријатели, семејството и моите соништа. Затоа чувствувам должност да возвратам и да придонесам за заедницата којашто ме изгради. Со моето знаење, енергија и искуство, заедно со мојот тим, ќе се посветиме на проекти што носат реални резултати и подобар квалитет на живот за сите нас.

Нашите приоритети се јасни: повеќе инвестиции во безбедни улици, градинка и создавање нови можности за младите. Сакаме Ранковце да биде општина во која граѓаните веруваат и која работи во нивни интерес.

Ви ветуваме искрена, отворена и транспарентна работа. Ви ветуваме дека вашиот глас ќе биде слушнат, вашите идеи ќе бидат наша водилка, а вашите потреби – приоритет.

Со вашата доверба и поддршка, ќе ја изградиме општината што сите ја заслужуваме.

Со почит и благодарност,

Вашиот кандидат за градоначалник Општина Ранковци

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

## За Ранковце

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Ранковце

Ние сме кандидати за општинскиот Совет и се обраќаме директно до вас. Веруваме дека нашата општина треба да биде пристојно место за живеење за сите граѓани. Ранковце, општината во која заеднички го поминуваме секојдневниот живот, ќе покаже како со работа и посветеност се постигнуваат резултати. Ние сакаме Ранковце да прерасне во динамично и пријатно место во кое сограѓаните ќе гледаат иднина, во кое сограѓаните ќе имаат доверба. Градинка и асфалтирани патишта се дел до нашата програма, од тимот што сака да го донесе најдоброто за Ранковце. Со вашата поддршка, ќе го кренеме гласот на граѓаните во Советот на општината.

1. Ангела Марковска, Радибуш, р. 1998, доктор по општа медицина;
2. Горан Младеновски, Љубинци, р. 1980, професионален возач;
3. Далибор Митковски, Ранковце, р. 1991, дипломиран економист;
4. Даниел Николовски, Герман, р. 1985, царински службеник;
5. Игорче Младеновски, Гиновци, р. 1975, ССС;
6. Жаклина Трајковска, Петралица, р. 1986, ССС;
7. Зорица Ѓуровска, Ранковце, р. 1982, ССС;
8. Викторија Тодоровска, Петралица, р. 2003, ССС;
9. Чедо Прокоповски, Опила, р. 1959, пензионер;

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

## ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Во периодот на локалната власт на СДСМ, реализиравме повеќе значајни проекти, кои директно придонесоа за подобрување на инфраструктурата и квалитетот на живот во Општина Ранковце.
- Еден од најважните е изградбата на експресниот пат Страцин – Крива Паланка, со кој значително се скрати времето на патување и се подобри безбедноста на сообраќајот.
- Во село Псача се изгради систем за наводнување.
- Спроведени се активности за изградба и асфалтирање на локални патишта во Ранковце, како и дел од локалниот пат во Љубинци.
- Во Петралица беа асфалтирани неколку локални патишта.
- Извршена е реконструкција на регионалниот пат Ранковце – Крива Паланка, кој е клучен за развојот на целото подрачје.
- Дополнително, беше спроведена реконструкција и доградба на подрачното основно училиште во Радибуш, со што се создадоа подобри услови за образование и престој на учениците.

## А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Изградба на патека, соларно осветлување и летниковци во с. Отошница;
- Изградба на канализациски систем во с. Псача, Брашнара;
- Уредување и оградување на зелен пазар во Општина Ранковце;
- Изградба на дом за стари лица во Општина Ранковце;
- Реновирање на амбуланта во Општина Ранковце;
- Изградба на локален пат во с. Љубицни меѓународен пат - Крива Река;
- Изградба на локален пат во с. Љубицни меѓународен пат – Пруга;
- Асфалтирање на улица Мил - Крајчина Маала во Ранковце;
- Изградба на локални улици во село Псача;
- Изградба на канлизациска мрежа во село Опила и дел од село Гиновци;
- Обнова на фудбалското игралиште во село Петракуца со додатни елементи за најмладите;

- Изградба на фудбалско игралиште во село Опила со минипарк;
- Изградба на парк со детско игралиште со уредување на околниот простор во село Псача;
- Реконструкција и опремување на училишна сала во Псача;
- Обнова и одржување на планинарска патека село Псача - Лисец;
- Изградба на пешачка патека во село П'клиште (викенд-населба);
- Проект за водоводен систем во село Отошница;
- Изградба на водоводен систем во Биљилно до село Радибуш понатаму до село Милутинце - Горно Гиновци и Ранковце;
- Изградба на детска градинка спроти амбуланта во Ранкоце;
- Изработка на техничка документација за мостови на реките Блидеш и Ветуничка, како и изработка на документација за локален пат меѓу двете реки.



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто (повторно) се кандидирате? Што е мотивот?**

Мојата кандидатура за градоначалник не е лична амбиција, туку обврска кон граѓаните и кон иднината на нашата општина.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Верувам дека секоја општина мора да има јасна визија – не само за инфраструктурни проекти, туку и за развој на општеството, за поголема безбедност, чиста животна средина и квалитетно секојдневие.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена.**

**Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Во следниот мандат една од најважните области на фокус треба да биде изградба на градинка, како и поддршка за иновациите и технологијата. Иако инфраструктурните проекти се важни за економскиот развој и за подобрување на условите за живот, тие не се доволни ако не се интегрирани со долгорочни стратегии за развој на човечкиот капитал.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не мора да бидеме осудени да живееме во ѓубре и отровен воздух. Со комбинирање на свесноста, едукацијата, инвестициите во одржливи технологии и правичен пристап кон управување со отпадот, може да создадеме позелени, поубави и поздрави градови. Секако, решавањето на овој проблем не е едноставно, но со напорите на сите нас – од државата, преку локалните власти, па до секој поединец – има начин да се направи значителна промена.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Повратот на довербата во системот е еден од најголемите предизвици за секоја влада или локална самоуправа, особено во земји каде што корупцијата има сериозно влијание за политичката и економската стабилност. Во Македонија, каде што перцепцијата за корупција е широко распространета и довербата во институциите е на ниско ниво, важно е да се преземат конкретни чекори што ќе им покажат на граѓаните дека постои волја и способност за промени. Подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните се основни градивни елементи за враќање на довербата. Доколку се преземат конкретни и одлучни чекори во овие области и ако се обезбедат механизми за антикорупциски надзор, може да се започне со процесот

на враќање на довербата на граѓаните во институциите. Иако тоа ќе биде долготраен процес, со време ќе се создаде основа за позитивни промени и нова надеж.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Младите се нашата најголема сила и мора да добијат можности за образование, работа и живот тука, во сопствената татковина. Иселувањето и падот на наталитетот се алармантни проблеми – затоа приоритет ќе биде создавање услови луѓето да останат и да гледаат перспектива за своите семејства.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Знам дека не е доволно само да се градат улици и објекти – потребна е промена во начинот на водење на општината. Тоа е мојата цел. Различен сум затоа што гледам на општината како на заедница, а не како на институција оддалечена од граѓаните. Заедно можеме да изградиме средина каде што луѓето ќе сакаат да останат, да живеат и да создаваат.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Ранковце

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Во период на динамични промени и нови предизвици, локалната самоуправа има голема одговорност да создаде услови за поквалитетен живот на сите граѓани. Нашата заедница е дом на млади луѓе со огромен потенцијал, вредни жени и мажи, пензионери со богато животно искуство и семејства кои заслужуваат стабилност и сигурност. Затоа овој план претставува јасна визија и конкретен патоказ за подобро утре, создаден врз основа на меки политики и одржливи активности кои не бараат големи инфраструктурни инвестиции, но носат огромни придобивки за секој поединец.

Младите се иднината на нашата општина и затоа посебно внимание посветуваме на создавање можности за нивен развој и напредок. Со организирање младински културни центри, фестивали и спортски настани сакаме да изградиме простори во кои тие ќе можат да ја изразат својата креативност и да се поврзуваат со врсниците. Ќе воведеме локални советувалишта за психолошка поддршка и програми за ментално здравје кои ќе помогнат младите полесно да се справуваат со предизвиците на современиот живот. Нашата цел е да им овозможиме не само образование и култура, туку и здрава, безбедна и поттикнувачка средина за нивниот целосен развој.

Жените се двигатели на промените и клучен столб на секоја заедница. Со субвенции за женски земјоделски задруги и социјални претпријатија сакаме да ја зајакнеме нивната економска независност и да им дадеме шанса активно да учествуваат во локалниот развој. Ќе спроведуваме кампањи за родова еднаквост, како и проекти кои ја промовираат улогата на жените во науката, уметноста и спортот. Веруваме дека општеството е посилно кога жените имаат поддршка, можности и глас во одлучувањето.

Особено внимание посветуваме и на пензионерите, кои се темел на нашата заедница и носители на големо животно искуство. Со отворање дневни центри за дружење, едукација и рекреација сакаме да им овозможиме активен и исполнет живот. Ќе обезбедиме бесплатни програми за физичка активност и здрави животни навики, како и „пензионерски картички“ за попусти на локални услуги и аптеки. Сакаме да создадеме услови секој пензионер да се чувствува ценет, вклучен и опкружен со внимание и грижа.

Образованието е основа за секој напредок, па затоа нашата стратегија предвидува модернизација на училиштата, воведување менторски програми и туторство за ученици од ранливи категории.

Ќе ја зајакнеме поддршката за наставниците со додатоци за работа со деца со посебни потреби и финансиска помош за примена на иновативни наставни методи. Целта е да создадеме образовен систем што ќе ги поттикнува младите да размислуваат креативно, да учат практично и да бидат подготвени за предизвиците на иднината.

Културата е душата на секоја заедница и затоа ќе работиме на нејзина децентрализација преку зголемување на локалните буџети и воведување транспарентни јавни конкурси за културни проекти. Сакаме секое населено место да има пристап до културни содржини и манифестации кои ги зближуваат луѓето и ја поттикнуваат креативноста. Спортот, пак, е еднакво важен дел од здравиот начин на живот и заедништвото. Затоа ќе реконструираме спортски терени и игралишта, ќе создадеме отворени фитнес-зони и пешачки патеки за рекреација и ќе организираме општински спортски фестивали за сите возрасти.

Посебно внимание посветуваме и на животната средина. Ќе работиме на пошумување, создавање зелени општини и развој на локални енергетски заедници за одржлива иднина. Нашата визија е чиста, здрава и безбедна животна средина која ќе биде извор на гордост за идните генерации.

Овој план не е само список на активности – тој е наша заедничка визија и пат кон поправедна и посветла иднина. Со овие меки политики градиме заедница која верува во знаењето, ја цени културата, го поддржува спортот, ја штити природата и го подобрува секојдневието на сите граѓани. Веруваме дека само преку заедничка работа, солидарност и иновација можеме да ја изградиме иднината што ја заслужуваме.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Асфалтирање на локални патишта во Општина Ранковце

Проектот предвидува асфалтирање и изградба на локални патишта во општината со цел подобро поврзување на населените места, зголемување на безбедноста и олеснување на пристапот до јавни институции и економски центри.

Во рамките на проектот ќе се изгради локален пат во село Ранковце за поврзување на Крајчина Маала со Млин, пат во село Петралица од Дикина Маала до Радуев Рид, пат Гиновци – Јабучки Дол, како и пат во село Опила до црквата „Св. Никола".

Предвидена е и изградба на патишта во село Љубинци за поврзување со магистралниот пат, реката Крива Река и пругата, пат до месноста Баратлија, пат што ја поврзува Дамјанска Маала со Псача и пат до браната на Отошничка Река.

Со реализацијата на овој проект ќе се обезбеди подобра инфраструктура, побрз и побезбеден транспорт и ќе се поттикне економскиот развој на општината.

**Влијание на проектот:**
Со проектот значително ќе се подобри безбедноста во сообраќајот. Подобрата инфраструктура ќе придонесе и за локален економски развој.

**Целна група:**
Сите жители на Општина Ранковце, локални земјоделци, ученици и бизниси што зависат од патната инфраструктура.

**Рок на реализација**
2027 - 2029 година (етапно)

**Буџет**
1.000.000 евра

# ПРОЕКТИ

## Изградба на детска градинка

Проектот предвидува изградба на модерна и функционална детска градинка со капацитет за 70 деца, поделена на јаслена и градинска група, создавајќи средина што ќе ги задоволува највисоките стандарди за воспитно-образовен процес. Објектот ќе содржи пространи и современо опремени занимални, мултифункционална сала за спорт, игра и културни активности, како и трпезарија со сопствена кујна за здрави и квалитетни оброци. Во рамките на градинката ќе биде изградено безбедно детско игралиште, опкружено со зелени површини, за поттикнување на креативноста и активната игра на отворено. Целиот простор ќе биде целосно приспособен кон стандардите за безбедност, пристапност и инклузивност, со обезбедена пристапност за деца со посебни потреби. Овој проект има цел да создаде топла, безбедна и поттикнувачка средина во која секое дете ќе расте, ќе учи и ќе се развива со радост.

**Влијание на проектот:**
Градинката ќе обезбеди поквалитетна грижа, образование и социјализација на најмладите. Родителите ќе добијат поголема сигурност и поддршка за усогласување на семејниот и работниот живот.

**Целна група:**
Деца од 9 месеци до 6 години и нивните семејства.

**Рок на реализација**
2029

**Буџет**
150.000 евра

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Реорганизација на работата на ЈКП „Чист ден“ и изградба на водоводна и канализациска мрежа

Проектот има цел значително да ги подобри услугите за водоснабдување, одржување на јавната чистота и управување со отпадот, преку целосна реорганизација на работата на ЈКП „Чист ден“.

Ќе се изврши ревизија на системот за водоснабдување во село Псача и ќе се обезбеди реновирање на просториите за работа на претпријатието.

Сите постојни камиони за собирање отпад ќе се стават во функција, а ќе се набават и нови возила за поголема ефикасност.

Планирана е набавка на контејнери и канти за отпадоци, со што ќе се подобри управувањето со отпадот и ќе се зголеми опфатот на собирање низ целата општина.

Ќе се изврши чистење и затворање на дивите депонии и организирање еколошки акции за чистење на околината.

Проектот опфаќа и проширување и замена на дотраената водоводна мрежа, како и изградба на нови зафати за вода каде што е потребно.

Дополнително, ќе се врши одржување и проширување на системот за јавно осветлување со енергетски ефикасни и штедливи светилки.

**Влијание на проектот:**
Со проектот ќе се обезбеди чиста и сигурна вода за пиење, а подобрата канализациска мрежа ќе придонесе за почиста животна средина и здравје на граѓаните.

**Целна група:**
Сите граѓани на општината, локалните бизниси и јавните институции.

**Рок на реализација** 2027

**Буџет** 70 000 евра

# ПРОЕКТИ

## Решавање на проблемите со паркинг-простор во центарот на градот

Ќе се прошири паркингот во централното градско подрачје, кое ќе се реализира со подигање платформа на бетонски столбови, со што ќе се овозможи паркирање на кат, со капацитет од вкупно 60 возила.

Ќе се изгради и катна гаража зад Кристалограверницата, која ќе биде со капацитет од 50 возила.

Ќе се воведе ограничено паркирање на дел од улицата „Гоце Делчев“.

Во секое време ќе се расчистуваат нефункционалните возила низ улиците на градот.

### Влијание на проектот:

Ќе се зголеми ослободувањето на паркинг-места во функција на развој на туризмот и ќе се задоволат потребите на граѓаните во градот.

### Целна група:

Сите граѓани

### Рок

48 месеци

### Буџет

500.000 евра

## Стационар за бездомни кучиња

Оформување стационар за згрижување бездомни кучиња преку јавно приватно партнерство, со компетентна компанија, преку заедничко вложување на општината. Стационарот ќе врши заловување и третирање на бездомните кучиња, а по потреба и други незгрижени животни, кои претставуваат потенцијална опасност за пренос на заразни болести и опасност од напад на мали деца и стари немоќни лица.

### Влијание на проектот:

Со реализацијата на овој проект ќе се поправи грдата слика за градот со кучињата скитници и други незгрижени и неухранети животни.

### Целна група:

Сите граѓани

### Рок

48 месеци

### Буџет

30.000 евра

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ

## Реновирање на градскиот пазар

Ќе се модернизира и ќе се преуреди градскиот пазар како пазар од затворен тип, со што ќе се подобрат хигиенско-техничките услови и ќе се дополни со соодветна климатизација и вентилација. Со преуредувањето на пазарот, тој ќе се подели на два дела, така шт, еден дел ќе биде за земјоделски производи и храна, а другиот дел ќе биде пренаменет за текстил и техничка стока.

### Влијание на проектот:

Подобрување на хигиенско-техничките услови при продавање храна, согласно со најновите хасап-системи. Исто така, ќе се подобрат амбиенталните услови во делот за продажба на стока и текстил.

### Целна група:

Сите граѓани

**Рок** 48 месеци

**Буџет** 400.000 евра



# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **УЗ Вршник**
- Изградба на Дом за стари лица;
- Пешачка патека Вршник - Сланушка;

- **УЗ Бојаџиско**
- Поставување кована ограда на Радин мост и негово осветлување;

**.МЗ Кетеново**
- Реконструкција на патот Кетеново - Куклица;

- **МЗ Железница**
- Дислоцирање на депонијата

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА